**Година 2002, јануари, број 2**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

По сите празнувања, прослави, дојдовме до информатор бр. 2.

На 28 декември во салата за конференции со звуците од трочлениот музички оркестар се одржа свечен новогодишен коктел. На новиот пензионер, Коста Бешковски му беа доделени пригодни подароци со желба долго да ја користи пензијата.

На истата свеченост ја пофаливме и студентската фудбалска екипа од МФС која е прогласена за најдобра универзитетска спортска екипа за 2001 година.

Кога сме кај спортот, нашиот студент, Томи Стефановски (VI1 степен, петти семестар на насока ЗЗК) е прогласен за најдобар спортист на Р. Македонија за 2001 година по постигнатите успеси во маратонското пливање. Му посакуваме понатамошни успеси во спортот и успешно "пливање" во испитите.

Информаторот и понатаму е отворен за соработка. Затоа се добредојдени сите забелешки, идеи сугестии. Особено се добредојдени инвентивни соработници.

На крај, да си посакаме среќна, успешна и мирна Нова 2002 година.

## П О С Е Т А



*Делегацијата на разговор во салата за конференции при МФС*

На ден 11.01.2002 нашиот факултет беше посетен од страна на висока делегација предводена од Министерот за образование и наука на Р. Македонија, проф. д-р Ненад Новковски и сојузниот секретар за развој и наука на СР Југославија, проф. д-р Вуко Домазетовиќ. Во состав на македонската делегација беа: Емил Поповски, државен секретар во Министерството за образование и

наука, Д-р Марија Ташева, потсекретар за високо образование, Вера Колевска, потсекретар во Министерството за образование и наука, Доц. Д-р Татјана Гочкова-Стојановска, помошник на министерот, Константин Христовски, шеф на кабинетот, Дракалски Милан, советник, Иванка Соломонова, советник, Спасоевски Станојко, советник, Олга Дуковска-Атов, соработник и м-р Трајче Илиевски, раководител на сектор во Министерството за надворешни работи. Во составот на југословенската делегација беа: проф. д-р Драган Милутиновиќ, помошник за меѓународна соработка на сојузниот секретар за развој и наука, Никола Иле, раководител на група за меѓународна соработка во владата на Р. Србија, Марта Николиќ, советник во владата на Р. Црна Гора, Билјана Драгин, виш советник во сојузниот секретеријат за развој и наука на СРЈ, Миро Гроздановиќ, министер советник во Амбасадата на СРЈ и Владо Јовиќ, трет секретар во Амбасадата на СРЈ.

Гостите во текот на својот двочасовен престој на нашиот факултет беа запознаени со историјатот, развојот и наставното, научното и апликативното работење на МФС. Меѓудругото го посетија Сметачкиот Центар и лабараторите на производно машинство, мотори со внатрешно согорување, ХПА и ТЕМПУС.



*Делегацијата во посета на ТЕМПУС лабараторијата*

## Н А У К А

### *Размена со државниот универзитет во Темпи, САД 2002/03*

Во рамките на договорот за соработка меѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Државниот универзитет во Темпи, Аризона, САД, во текот на учебната 2002/03 година е предвидена реципрочна размена на по еден кандидат за истражувачка работа. Кандидатот добива месечна стипендија и работи на својата специјализација, односно научно-истражувачка работа. Специјализацијата трае 9 месеци (септември-мај), додека престојот на визитинг-професор трае еден семестар, односно 4 месеци. Патните трошоци ги покрива Универзитетот.

Кандидатите за научноистражувачка работа треба да имаат завршено магистерски студии во матичната наставно-научна

институција, да се вработени повеќе од три години и да се истакнуваат во својата научна област.
Покрај предлогот од факултетот треба да се достават и дополнителни документи на англиски и македонски јазик.
За дополнителни информации обратете се кај продеканот за наука и меѓународна соработка.

## К О Н К У Р С

### за наградата "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"

Текстот на конкурсот за доделување на наградата „Гоце Делчев“ за 2002 година, објавен во весниците „Нова Македонија“, „Вечер“, „Флака е влазеримит“ и „Бирлик“ на 27. XII 2001 година, е истакнат на огласната табла.

## " А Л О - А Л О "

Поради монтажа на новата телефонска централа во теков на неделава има промени кај одредени локали и воочени се проблеми при бирање на телефонски броеви однадвор.

Проблемите ќе бидат отстранети наскоро.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Томислав Златановски, студиски престој во Институтот за механика на флуиди при Бундесфер Универзитетот во Хамбург, Германија.
2. Проф. д-р Александар Ношпал. Му посакуваме побрзо заздравување.
3. Асс. м-р Глигорче Вртаноски, стручен престој во Јапонија.
4. Асс. м-р Искра Дуковска, стручен престој во Данска.
5. Асс. м-р Зоран Марков, сеуште на отслужување на воен рок.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

*

**17.01.2002**
14 СЕДНИЦА НА ННС

*

**15.02.2002**
ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ

*

**21.02.2002**
15 СЕДНИЦА НА ННС

*

СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ
ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА

*

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА***

**Техничко уредување:**
*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*